## Стандард на занимање

| | |
|---|---|
| **Назив на СЗ** | **Компјутерски техничар за развој на видеоигри и виртуелна реалност** |
| **Код на СЗ** | 0520.40.09 |
| **Сектор** | ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ |
| **Ниво на сложеност на работни задачи** | IV (четврто) |
| **Опис на занимањето** | Компјутерскиот техничар за развој на видеоигри и виртуелна реалност проектира, програмира, интегрира и оптимизира видеоигри и интерактивни дигитални апликации за различни платформи (компјутери, мобилни уреди, конзоли и VR/AR системи). Изработува и поврзува 2Д и 3Д графички модели, анимации, звучни ефекти и визуелни компоненти во единствен функционален систем, со примена на современи гејм енџини и специјализиран софтвер.<br>Исто така, развива и одржува механики на играта, кориснички интерфејси и дизајн на нивоа, при што врши континуирано тестирање, отстранување грешки (дебагирање) и анализа на параметри за да обезбеди стабилност, перформанси и високо корисничко искуство. Учествува во превентивно и корективно усовршување на проектите, интегрира иновации и обезбедува усогласеност со техничките, пазарните и уметничките барања на индустријата. |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
|---|---|---|---|
| **1.** | Планирање и организирање работни активности | Планирање и организирање на сопствените работни активности | 1. Организира работни активности во согласност со процесот на развој на видеоигри<br>2. Организира сопствени дневни задачи во согласност со проектниот план<br>3. Прегледува и анализира проектна и техничка документација (Game Design Document, Technical Design Document)<br>4. Го проверува материјалот (графика, модели, аудио и сл.) дали одговара на зададените спецификации<br>5. Подготвува и приспособува план за работа според дефинирани рокови<br>6. Ја организира својата работа во рамките на развојниот тим<br>7. Ги дефинира потребните ресурси за развој (PC, софтвер, лиценци, VR/AR опрема и сл.)<br>8. Следи поставени планови и врши нивно усогласување |
| **2.** | Подготовка за работа | Подготвка на работното место за изведба на развојни активности (моделирање, програмирање, тестирање и VR/AR симулации | 1. Го подготвува работното место со соодветен компјутер, периферна опрема и софтвер<br>2. Врши избор и инсталација на потребни програми и алатки (Blender, Unity, Unreal Engine, IDE)<br>3. Проверува исправност на уредите (монитори, графички таблети, VR/AR очила и контролери)<br>4. Се подготвува за работа во согласност со мерките за безбедност при работа со електронска опрема и VR/AR уреди (ергономија, кабли, простор за движење и сл.)<br>5. Проверува лиценци и верзии на софтвер за усогласеност со проектните барања<br>6. Подготвува шаблони и проектни датотеки за |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
|---|---|---|---|
| | | | работа<br>7. Организира структури на папки и ресурси за ефикасна работа на тимот |
| **3.** | Оперативни работи | Имплементирање на 2Д/3Д модели, текстури и анимации во гејм енџин | 1. Познава и применува техники за работа со гејм енџини (Unity, Unreal Engine и сл.)<br>2. Успешно имплементира модели, анимации и аудиоресурси во проект<br>3. Проверува и коригира 2Д/3Д модели, текстури и анимации во гејм енџин |
| | | Скриптирање и програмирање на основни гејмплеј механики и кориснички интерфејс | 1. Пишува основни скрипти (C#, C++, Blueprints, Python) за управување со гејмплеј, UI и интеракции<br>2. Креира и имплементира механики во играта<br>3. Тестира и отстранува грешки (дебагира) скрипти и програми |
| | | Интеграција на аудио и визуелни ефекти | 1. Интегрира аудио и визуелни ефекти во софтверската платформа (Unity, Unreal Engine) според дизајнот на проектот<br>2. Конфигурира параметри за синхронизација на звук и слика за оптимално корисничко искуство<br>3. Проверува и коригира интегрирани аудио и визуелни компоненти за стабилност и перформанси |
| | | Поставување и конфигурирање на VR/AR уреди за тестирање и демонстрации | 1. Применува техники за интеграција на VR/AR SDK-и и конфигурација на уреди (HMD, контролери, сензори и сл.)<br>2. Монтира и одржува компјутерска и периферна опрема (монитори, графички таблети, VR/AR сетови и сл.)<br>3. Проверува и коригира VR/AR уреди |
| | | Монтирање, конфигурирање и одржување на работни станици и периферна опрема за развој на игри | 1. Монтира и одржува компјутерска и периферна опрема (монитори, графички таблети, VR сетови и сл.)<br>2. Обезбедува стабилна работа на развојното опкружување и предлага решенија за подобрување<br>3. Документира извршени оперативни активности и ги доставува резултатите до тимот |
| **4.** | Комерцијални активности | Работење според пазарните законитости и практики во индустријата за видеоигри | 1. Следи трендови на пазарот за видеоигри и предлага приспособување на содржините кон побарувачката<br>2. Применува основи на маркетинг и монетизација на игри (free-to-play, premium, DLC, in-app purchases)<br>3. Евидентира користени ресурси (3Д модели, аудио, графика, лиценциран софтвер) во проектот<br>4. Води евиденција за вложени работни часови и активностите на тимот во проектниот менаџмент-систем |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
|---|---|---|---|
| | | | 5. Подготвува и доставува извештаи за трошоци и употреба на ресурси до проектниот менаџер<br>6. Води грижа за трошоци при набавка на софтвер, лиценци и хардверска опрема<br>7. Оптимизира трошоци преку користење на бесплатни алатки или алатки со отворен код (open-source tools) кога е можно<br>8. Ги намалува непотребните трошоци без да влијае врз квалитетот на играта<br>9. Рационално користи серверски ресурси и складиште за податоци при работа на големи проекти |
| **5.** | Административни активности | Подготвува и води работна документација за проектите во развој на видеоигри и VR/AR | 1. Подготвува работни извештаи за текот на развојот на играта (спринт извештаи, дневни/неделни прегледи)<br>2. Води извештаи за извршените задачи и постигнатите резултати<br>3. Пополнува работни листи и налози во системи за управување со задачи (Jira, Trello)<br>4. Води евиденција за присутност и активност на членовите на тимот<br>5. Ги познава елементите на проектната и техничката документација<br>6. Внесува податоци за грешки (багови), задоцнувања и проблеми во развојот во соодветни обрасци или во системи за следење грешки (bug tracking systems)<br>7. Работи со компјутер, канцелариски пакети (MS Office, Google Workspace) и алатки за колаборација (Slack, Discord)<br>8. Архивира проектни датотеки и се грижи за нивната правилна организација<br>9. Прави систематско следење и управување со верзии на датотеки |
| **6.** | Активности за осигурување на квалитет | Контрола на квалитет во согласност со стандардите и нормативите во развојот на видеоигри и VR/AR апликации | 1. Проверува, тестира и приспособува функционалности на видеоигрите (UI, гејмплеј, перформанси) во согласност со зададените стандарди<br>2. Го контролира функционирањето на играта/апликацијата при различни услови (различни платформи, резолуции, VR/AR уреди)<br>3. Врши откривање и документирање на грешки и неправилности во проектот во рамките на дадените овластувања<br>4. Сигнализира и предлага соодветни мерки за корекција на грешки или оптимизација<br>5. Води контрола на проектната документација и проверува усогласеност со спецификациите<br>6. Контролира квалитет на графички, аудио и анимациски ресурси, како и на нивната интеграција во играта<br>7. Спроведува тестови за корисничко искуство (UX) |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
|---|---|---|---|
| | | | и известува за резултатите<br>8. Применува техники за профилирање и оптимизација на перформанси (FPS, latency, memory usage) |
| **7.** | Одржување и поправки | Одржување на хардверот, софтверот и периферната опрема потребна за развој и тестирање на видеоигри и VR/AR системи | 1. Евидентира исправност на компјутерска опрема, периферни уреди и VR/AR уреди<br>2. Врши замена и надградба на компоненти (RAM, GPU, SSD, двигатели (драјвери) во согласност со потребите на проектот<br>3. Го одржува софтверот ажуриран преку редовни ажурирања и проверка на лиценци<br>4. Прегледува, чисти и врши мали поправки на периферни уреди (тастатури, графички таблети, VR контролери, слушалки и сл.)<br>5. Проверува, чисти и складира техничка опрема и додатоци за безбедно чување<br>6. Одржува и чува компјутерска и аудиовизуелна опрема<br>7. Ги применува правилата за сервисирање на поединечни компоненти во системот (монитори, графички карти, VR сензори и сл.)<br>8. Врши подготовка на системите за периодично тестирање перформанси и безбедност<br>9. Редовно одржува и оптимизира развојни работни станици за да се обезбеди непречен тек на проектите<br>10. Води евиденција за поправки, интервенции и одржувања и ја доставува до проектниот менаџер или тим лидерот |
| **8.** | Комуникација | Комуницирање со соработниците со почитување на деловните принципи и тимските правила | 1. Собира и проследува информации за работниот процес, статусот на проектот и состојбата на системите/опремата<br>2. Комуницира со претпоставен, проектен менаџер, програмери, 3Д артисти, дизајнери и тестери за обезбедување квалитетна и безбедна работа<br>3. Правилно користи стручна терминологија од областа на развој на видеоигри и VR/AR<br>4. Се консултира со останатите членови на тимот за решавање технички проблеми и нејаснотии<br>5. Презентира резултати и демонстрации на изработени делови од игра/VR/AR апликација пред тим или клиенти<br>6. Користи дигитални канали за комуникација (Discord, e-mail) на професионален начин<br>7. Почитува етички и професионални принципи во тимската работа и односите со колегите |
| **9.** | Здравје, безбедност и заштита при | Примена на мерките за лична и колективна | 1. Го обезбедува работното место за безбедна и ергономска работа (користење на стол, монитор, светло и работна површина) |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
|---|---|---|---|
| | работа и заштита на животната средина | заштита при работа во развојна и тест-средина | 2. Ги применува личните и колективните мерки за заштита при користење на VR/AR уреди и периферна опрема (кабли, сензори, контролери и сл.)<br>3. Применува правила за заштита при работа со електронска и компјутерска опрема<br>4. Применува прописи за заштита од пожар и заштита на електрични инсталации<br>5. Учествува на обуки и периодични проверки за безбедност и здравје при работа организирани од овластени институции<br>6. Правилно користи и рециклира електронски отпад (стара опрема, батерии, кабли и сл.) во согласност со еколошките стандарди<br>7. Внимава на безбедноста и комфорот на корисниците при тестирање на VR апликации (предупредување за кабли, простор и можност за повреди) |
| | | Ги применува мерките за заштита на околината | 1. Применува енергетско-ефикасни практики при работа со компјутерска и периферна опрема<br>2. Сортира и безбедно отстранува електронски и друг технолошки отпад во согласност со прописите<br>3. Применува процедури за безбедно складирање и ракување со електронски компоненти, батерии и кабли<br>4. Рационално користи електрична енергија и други ресурси во развојните простории<br>5. Применува протоколи за заштита на работната околина и превенција од штетни влијанија врз здравјето и околината |

| Знаење за занимањето/Вештини за занимањето |
|---|

**<u>Знаење за занимањето:</u>**

1. **Познавање**
- Идентификува алатки за 2Д/3Д моделирање, текстурирање и анимација
- Наведува нормативи, стандарди и индустриски прописи во развој на игри и VR/AR апликации
- Препознава видови графички и аудиоресурси
- Ги наведува елементите на проектна и техничка документација (GDD, TDD, Asset List)

2. **Разбирање**
- Објаснува примена и функција на гејм енџини (Unity, Unreal Engine)
- Толкува дијаграми, блок-шеми и архитектура на игри
- Објаснува принципи на ергономија и безбедност при работа со VR/AR
- Опишува методологии за оптимизација на игри и управување со ресурси

3. **Примена**

- Применува основи на програмирање и скриптирање (C#, C++, Blueprints, Python)
- Користи алатки за проектен менаџмент (Jira, Trello, Git)
- Спроведува основни QA техники (unit testing, bug tracking, playtesting)
- Применува протоколи за заштита на лични податоци и интелектуална сопственост

4. **Анализа**

- Анализира новитети и трендови во индустријата на видеоигри и VR/AR
- Споредува различни методи за интеграција на графика, аудио и анимација
- Разликува видови оптимизација според техничките ограничувања (LOD, memory management)

5. **Евалуација**

- Проценува квалитет и стабилност на интегрирани ресурси во игра
- Вреднува усогласеност на проектот со технички спецификации и стандарди
- Одлучува за избор на алатки и ресурси според проектните потреби и буџет

6. **Синтеза**

- Концепира и дизајнира основни гејмплеј механики и кориснички интерфејси
- Генерира решенија за оптимизација на код и ресурси
- Дизајнира извештаи и документација за развојни активности
- Интегрира иновации и нови технологии во развојот на игри и VR/AR апликации

**<u>Вештини за занимањето:</u>**

1. **Технички вештини**

- Моделира и текстурира 2Д/3Д објекти со софтвер (Photoshop, Blender, Maya)
- Имплементира анимации, модели и аудиоресурси во гејм енџин
- Скриптира и програмира интерактивни функции и UI компоненти
- Конфигурира и одржува VR/AR уреди и компјутерска опрема
- Оптимизира перформанси на игра преку профилирање и отстранување грешки

2. **Аналитички вештини**

- Тестира и анализира функционалности, грешки и корисничко искуство
- Набљудува перформанси и предлага корективни мерки
- Евидентира и документира активности во проектни системи

3. **Организациски вештини**

- Планира сопствени активности според проектен план
- Организира работна документација, ресурси и фолдер структури
- Управува со верзии и архивира проектни датотеки

4. **Комуникациски и соработнички вештини**

- Презентира резултати и демонстрации пред тим или клиенти
- Комуницира со стручна терминологија и користи дигитални канали
- Соработува во тим и решава технички проблеми со консултација

5. **Безбедносни и еколошки вештини**

- Применува мерки за безбедност при работа со VR/AR уреди
- Одржува ергономски и безбеден работен простор
- Сортира и рециклира електронски отпад во согласност со стандардите

| | |
|---|---|
| **Клучни компетенции** | **Комуникација на мајчин јазик:** способен е да споделува и да протолкува концепти, размислувања, чувства, факти и ставови во усна и во писмена |

| | |
|---|---|
| | форма и да остварува јазична интеракција на соодветен и креативен начин во низа општествени и културолошки контексти. Зборува и пишува јасно и остварува отворена комуникација и слободно споделува информации со соработниците и корисниците на услугата. Остварува сталожена и делотворна комуникација во проблематични ситуации донесувајќи точни и соодветни заклучоци врз основа на добиени информации.<br><br>**Комуникација на странски јазик:** кога постои потреба од користење странски јазик во специфичен општествен и културен контекст поврзан со работата, способен е да разбере, да искажува и да толкува концепти, размислувања, чувства, факти и ставови и во усна и во писмена форма. Способен е да го користи странскиот јазик за да го следи напредокот во професијата и да го надградува сопственото знаење и вештини во сферата на информатичките технологии.<br><br>**Математички компетенции и основни компетенции во областа на науката и технологијата**: применува нумеричко размислување и знаење во објаснување и решавање низа задачи за време на секојдневната работа со опремата и администрацијата. Користи и работи со техничко-технолошки алатки, како и податоци за извршување на задачите. Врши собирање на податоци потребни за самоунапредување на полето на планирањето, организацијата и следењето на задачите.<br><br>**Дигитални компетенции**: користи основна информатичка технологија во извршување на своите работни задачи и применува софтверски програми, алатки за Microsoft Office, електронска пошта и сл. при извршувањето на работните задачи за развој на видеоигри и VR/AR. Пребарува, собира и обработува дигитални информации и ги користи на критички и систематски начин. Користи алатки за подготовка, презентирање и разбирање на комплексни информации.<br><br>**Учење како се учи**: способен е да пристапи, да стекне, да обработи и да усвои нови знаења и вештини за цели на личен напредок, како и да ги примени за унапредување на секторот. Способен е да управува со сопственото учење, кариера и работни рутини. Истраен е во автономното учење. Потврдува и учи од грешки на конструктивен начин.<br><br>**Чувство за иницијатива и претприемништво:** предвидува потенцијални ризици и однапред се подготвува за нив. Покажува иницијатива за реализирање на важните идеи и нивно спроведување во дела за да се подобрат состојбите. Способен е да ги препознае можностите и да иницира подобрување на состојбите во различни ситуации. Придонесува кон развојот на култура која ги поддржува иницијативите и иновациите и ги препознава различните вештини на сите во рамките на дејноста.<br><br>**Социјални/општествени и граѓански компетенции**: во секојдневното опкружување способен е да манифестира лични, интерперсонални и интеркултурни компетенции за конструктивна комуникација со луѓе од различни профили, покажува толерантност, изразува и разбира различни гледишта и создава доверба.<br><br>**Културолошка свест и изразување**: го препознава и го цени креативниот израз на идеи, искуства и емоции и соодветно ги поврзува со самоподобрувањето. Ги приближува сопствените креативни и експресивни |

| | |
|---|---|
| | ставови со размислувањата на другите членови во тимот, на нивните семејства и другите колеги и ги изразува на соодветен начин на кој ќе ја подобри нивната добросостојба. |

| | |
|---|---|
| **Посебни услови** | **Работна средина:**<br>Во затворени простории (канцеларии, студија, училници за ИКТ и мултимедија).<br><br>**Работни услови:**<br>Работи со компјутери, графички таблети, VR/AR опрема и периферни уреди што можат да предизвикаат замор на видот, мускулно-скелетен замор и психофизички напор во услови на продолжено седење и работење пред екран во услови на голема концентрација и потреба за прецизност поради работа со специјализиран софтвер за моделирање, анимација и програмирање. Понекогаш работи во тимска средина со интензивни рокови (deadliness) што може да предизвика психолошки стрес.<br><br>**Средства за работа:**<br>Компјутер, графички таблети, VR/AR опрема и периферни уреди, софтвер за моделирање, анимација и програмирање. |

| | |
|---|---|
| **Законска регулатива, прописи и индустриски стандарди** | **Соодветни индустриски стандарди и прописи за:**<br>1. Индустриски стандарди за развој на софтвер и игри (ISO/IEC 12207, ISO/IEC 25010, IEEE стандарди)<br>2. GDPR и закони за заштита на лични податоци при развој и користење апликации и игри<br>3. Стандарди за безбедност на софтвер и заштита од сајбер закани (ISO/IEC 27001)<br>4. Стандарди за пристапност и корисничко искуство (UX/UI Guidelines) за дигитални производи<br>5. Закони и правилници за заштита на авторски права и интелектуална сопственост |

| | |
|---|---|
| **Донесен од:** | Министерство за економија и труд |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум на одобрување** | Решение бр. 12-4761/2 од 07.11.2025 година | **Датум на ревизија** | |